Врз основа на член 48 од Статутот на Општина Гевгелија („Сл.гласник на Општина Гевгелија бр. 25/06, 08/10, 18/14 и 13/20) и Одлуката на Советот на Општина Гевгелија 09-1812/1 од 15.11.2023 год (Сл.гласник на општина Гевгелија бр.14/2023г.)за доделување 5 (пет) стипендии на студенти од општина Гевгелија запишани на Машинските и Електротехничките факултети на РСМ за академска 2023/24 год. Комисијата за образование, култура и спорт при Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 22.11.2023 год. донесе

# ПРАВИЛНИК

## за доделување 5 (пет) стипендии на студенти запишани на Медицинските факултети-отсек општа медицина на РСМ за академска 2023/2024 година

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат условите, критериумите и постапката за доделување стипендии на студенти од општина Гевгелија за академска 2023/2024 година.

Стипендиите ќе се доделуваат на студенти на Медицинските факултети-отсек општа медицина во Република Северна Македонија кои запишуваат прв семестар во академска 2023/2024 година, се до завршување на последен семестар од студиите, доколку се редовни студенти и коишто се жители на општина Гевгелија.

### Член 2

Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 15.11.2023 година донесе Одлука за доделување 5 (пет) стипендии за студенти на Медицинските факултети-отсек општа медицина во Република Северна Македонија, за академска 2023/2024 година.

Стипендиите се доделуваат за период од 10 месеци за времетраењето на една академска година, односно почнувајќи од месец септември, се до месец јуни во истата академска година, и ќе се доделуваат секоја година до завршување на последен семестар од студирањето, доколку се редовни студенти.

Висината на стипендиите ќе изнесува 6.000,00 денари месечно, за секој студент, и истите ќе се исплаќаат од Буџетот на Општина Гевгелија.

Стипендиите се доделуваат на редовни студенти запишани на прв циклус студии на Медицинските факултети-отсек општа медицина во РСМ, согласно условите и критериумите утврдени во Конкурсот за доделување на стипендии.

Износот на стипендиите е неповратен, освен во случај кога студентот ќе го прекине студирањето по своја вина, при што ќе ги врати доделените средства до моментот на прекин на студирањето.

Давателот на стипендија нема да го раскине договорот за исплата на стипендија и нема да дава стипендија, а корисникот на стипендијата нема обврска да ги враќа претходно добиените средства во случај ако корисникот на стипендијата поради здравствени причини и потреба од лекување не запишал следен семестар и приложи соодветна медицинска документација.

**Член 3**

Право на стипендирање имаат студентите кои што ги исполнуваат следниве услови:

1. Да се жители на општина Гевгелија;
2. Да се државјани на Република Северна Македонија;
3. Да се редовни студенти на прв циклус студии на Медицинските факултети-отсек општа медицина на РСМ.

**Член 4**

Основни критериуми за доделување на стипендиите се**:**

1. **Остварен успех во средното образование;**
   - По овој основ може да се добијат најмногу 10 бода.

2. **Доставени сертификати и дипломи од натпревари на државно ниво, посебно од областа на природните науки;**
   - По овој основ може да се добијат најмногу 20 бода.

3. **Материјални можности на студентот и неговото семејство** за кој се земаат месечните примања по член на семејството на студентот во однос на просечно исплатената плата по вработен во РСМ за последните 3 (три) месеци;
   - По овој основ може да се добијат најмногу 60 бода.

При распределување на утврдените 60 бода, по основ материјални можности на студентот и неговото семејство, се земаат во просек материјалните можности на студентот и неговото семејство, односно вкупниот број на месечните примања (месечните нето-плати и годишните приходи по разни основи прикажани во образецот од Управа за јавни приходи), во семејството на студентот, поделени по член од семејството, поделени на 12 месеци, при што кандидатот може да добие најмногу 60 бода и тоа:

- За приходи од 0 до 10.000 денари по член на семејство .............. 60 бода;
- За приходи од 10.001 до 11.000 денари по член на семејство ........ 50 бода;

- За приходи од 11.001 до 12.000 денари по член на семејство ..........40 бода;
- За приходи од 12.001 до 13.000 денари по член на семејство ..........30 бода;
- За приходи од 13.001 до 14.000 денари по член на семејство ........ 20 бода;
- За приходи над 14.000 денари по член на семејство ..................... 10 бода;

4. **Студент на самохран (починат/разведен) родител, родител со инвалидитет, студенти со посебни потреби;**

- По овој основ може да се добијат 10 бода.

Максималниот број на бодови кои може да ги добие студентот согласно утврдените критериуми од овој член, изнесува вкупно 100 бода.

За усвоените бодови според утврдените критериуми од овој член комисијата изготвува посебна ранг-листа за оваа категорија на студенти, која ја доставува на градоначалникот на разгледување и одлучување.

При утврдување на ранг-листата според добиените бодови, при ист број на бодови предност има кандидатот со пониски материјални примања.

**Член 5**

Стипендиите ќе се доделат врз основа на претходно распишан Конкурс.

Конкурсот ќе биде распишан од градоначалникот на Општина Гевгелија.

Конкурсот ќе биде објавен на огласната табла на Општина Гевгелија, на веб-страницата на Општина Гевгелија и на локалните електронски медиуми во општина Гевгелија.

Конкурсот ќе трае 15 (петнаесет) денови, не сметајќи го денот на неговото објавување.

**Член 6**

Заинтересираните кандидати за добивање стипендија треба да ги достават следниве документи до Општина Гевгелија:

1) **Пријава од студентот;**
2) **Потврда од високо-образовната институција за редовно запишана студиска година;**
3) **Свидетелства од завршени 4 години средно образование** (копии)
4) **Сертификати и дипломи образование** (копии)
5) **Документи за утврдување на материјално-финансиската состојба** на апликантот:

- За вработените членови на семејството да се доставaт потврди за остварена плата за последните три месеци, сметано до денот на поднесувањето на пријавата, или доколку до овој месец не е исплатена плата, да се достави потврда за последно исплатената плата за оваа година (за родителите/старателите да се достави плата заверена од работодавецот);

- за пензионираните членови на семејството да се достави документ (чек) за висината на последно исплатената пензија;
- за разведените родители да се достави доказ за разводот, односно ако апликантот користи алиментација од родителот, истата, да се прикаже како месечен приход;
- за корисниците на социјалната помош да се достави последното решение за корисник на гарантиран минимален приход;
- за невработените членови на семејството на апликантот да се достават потврди од Агенцијата за вработување на РСМ, дека се невработени или примаат месечен надоместок;
- за инвалидитет да се достави наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби, издаден од надлежна установа, а согласно Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој;
- за браќа/сестри на кандидатот, кои се ученици/студенти, се доставува потврда од училиштето, односно факултетот или друга институција;
- за родителите/старателите, кандидатот и другите членови на неговото потесно семејство се доставува Уверение од Управата за јавни приходи за остварени приходи по разни основи од претходната година: приходи од самостојна дејност, приходи од вршење земјоделска дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од капитал....

6) **Нотарски заверена изјава** од апликантот дека доставените документи се вистинити и дека податоците одговараат на прикажаната состојба;
7) **Изјава за давање согласност за обработка и користење на личните податоци** апликантот и на членовите на неговото потесно семејство;
8) **Изјава на кандидатот дека не користи стипендии од други** установи, институции или компании.
9) за починат родител се бара да се достави извод од матична книга на умрени од УВМК;
10) **Изјава за семејната состојба на студентот** и
11) **Фотокопија од личната карта на студентот**.

**Член 7**

Пријавите на апликантите со потребната документација треба да се доставаат лично до архивата на Општина Гевгелија, или да се доставаат со препорачана пошта до: Општина Гевгелија: Ул. „Димитар Влахов“ бр.4, 1480 Гевгелија со назнака: **"За конкурсот за доделување 5 (пет) на стипендии на студенти на Медицинските факултети-отсек општа медицина од општина Гевгелија за академска 2023/2024 година**".

**Член 8**

Доставените пријави согласно распишаниот конкурс ги разгледува Комисијата за образование, култура и спорт на Советот на општина Гевгелија.

Комисијата за разгледување на пријавите за доделување на стипендии, некомплетните и неблаговремени пријави не ги разгледува.

Комисијата од пристигнатите пријави утврдува ранг-листа и му ја доставува на Градоначалникот на разгледување и одлучување.

**Член 9**

Градоначалникот на Општина Гевгелија врз основа на доставената ранг-листа од Комисијата за образование, спорт и култура при Советот на општина Гевгелија донесува Одлука за доделување на стипендии на студенти на Медицинските факултети-отсек општа медицина во Република Северна Македонија, кои запишуваат прв семестар во академска 2023/2024 година и се жители на Општина Гевгелија.

За одлуката на Градоначалникот за доделените стипендии сите кандидати кои имаат поднесено пријава по распишаниот Конкурс ќе бидат писмено известени.

Против Одлуката на Градоначалникот на Општина Гевгелија, кандидатите кои не добиле стипендија може да поднесат приговор до Комисијата за образование, култура и спорт при Советот на општина Гевгелија во рок од 5 (пет) работни дена, од денот на приемот на Одлуката. Надлежната комисија ќе го разгледа приговорот на засегнатиот кандидат и ќе донесе Решение со коешто го прифаќа или одбива поднесениот приговор.

Решението на оваа Комисија е конечно.

Одлуката за доделување на стипендии која ја донесува Градоначалникот на Општина Гевгелија ќе се објави и на веб-страната на Општина Гевгелија.

**Член 10**

Градоначалникот на Општина Гевгелија ќе склучи посебен Договор со избраниот кандидат за користење стипендија, во кој подетално ќе се уредат начинот и условите на користење на стипендијата.

**Член 11**

Во посебни случаи, овој Договор може да биде раскинат по вина на студентот доколку се утврди дека:

- Студентот дал лажни податоци во нотарски заверената изјава при поднесувањето на пријавата за користење стипендија;

- Доколку со своето недолично поведение ги повредува законските и моралните принципи на образовната и општествената средина;
- Доколку не ја запише во редовен термин наредната академска година и
- Доколку го прекинал студирањето.

Во случај на раскинување на Договорот, студентот е должен во целост да ги врати исплатените средства во Буџетот на Општина Гевгелија.

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

**Комисија**
**за образование, култура и спорт**
**на Советот на општина Гевгелија**

Бр.09-1867/1
22.11.2023 год.
Гевгелија